# Извадок на дел од дневните настани 12.02.2025

Денеска (12.02.2025) во 00.20 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје, со судска наредба, извршиле претрес во дом и други простории на И.Ј.(26) и Ф.Ј. (24) од Скопје. Во домот бил затекнат Ф.Ј.(24), а при претресот, под седиштето на мотоцикл, кој бил во подрумот, биле пронајдени и одземени околу еден килограм марихуана и дигитална вага.

Ф.Ј. е лишен од слобода и задржан за понатамошна постапка, а се преземаат мерки за пронаоѓање на И.Ј.. Известен е јавен обвинител и по целосно расчистување и документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 11.02.2025 во 12.00 часот на улица „29 Ноември" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го привеле А.З.(47) од Тетово, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на казна затвор од две години за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотична дрога, психотропни супстанци и прекурзори" по член 215 од Кривичниот законик. Тој бил спроведен во Казнено – поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 11.02.2025 во 12.50 часот на улица „Браќа Миладинови" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го привеле М.П.(52) од с.Мала Речица, тетовско, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на казна затвор од две години за сторено кривично дело по член 300 став 4, а во врска со член 297 став 3 од Кривичниот законик. Тој бил спроведен во Казнено – поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 12.02.2025 во 03.00 часот во с.Добридол, гостиварско, полициски службеници од Полициското одделение Галате ги лишиле од слобода А.Ј.(30) и А.М.(24), двајцата од с.Добридол. При преглед кај нив и во патничко возило „рено" со гостиварски регистарски ознаки, управувано од А.Ј., а А.М. бил сопатник, кај нив биле пронајдени и одземени марихуана, дробилка и ризла. Тие биле задржани во полициска станица и по документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.02.2025 во 11.15 часот во с.Долно Палчиште, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово ја привеле Ф.Ј.(22) од с.Добарце, тетовско, со престој во Тетово, која била барана по централна и меѓународна потерница за издржување на казна затвор од шест месеци за сторено кривично дело по член 216 став 2 од Кривичниот законик. Таа била спроведена во Казнено – поправната установа Затвор Идризово за издржување на казната.

На 11.02.2025 во 17.00 часот во Кочани, полициски службеници од Полициската станица Кочани го лишиле од слобода А.М.(27) од Кочани. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена кафеава прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.02.2025 во 16.20 часот во Скопје, на подрачјето на Центар, полициски службеници од СВР Скопје ја лишиле од слобода Ч.Ч.М.М.(31) од Австралија затоа што кај неа биле пронајдени и одземени марихуана, дробилка со остатоци од марихуана и семки. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.02.2025 во СВР Скопје, од Казнено - поправна установа Затвор Идризово било пријавено дека при извршен преглед кај осуденикот З.С. биле пронајдени и одземени марихуана, прашкаста материја и таблета. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 11.02.2025 во 22.40 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од СВР Скопје ја лишиле од слобода Ѓ.С.(37) од Скопје затоа што кај неа била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.02.2025 во 18.20 часот, полициски службеници од ОВР Кавадарци го привеле М.Ф.(48) од Кавадарци, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување казна затвор во Казнено - поправна установа Затвор Гевгелија. Лицето било спроведено во установата за здржување на казната.

На 11.02.2025 во 21.40 часот, полициски службеници од ОВР Кавадарци го привеле Е.П.(38) од Кавадарци, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување казна затвор во Казнено - поправна установа Затвор Гевгелија. Лицето било спроведено во установата за издржување на казната.

На 11.02.2025 во 14.45 часот на автопатот Табановце – Куманово, полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Север го лишиле од слобода С.Н.(42) од Сирија затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил предаден на полициски службеници во СВР Куманово, по што ќе биде спроведен во Транзитниот центар во Табановце, каде и претходно престојувал.

Денеска (12.02.2025) во 00.30 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од СВР Скопје го привеле А.А.(27) од Скопје затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.02.2025 во 23.15 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека на магистралниот пат Гостивар - Кичево, на крстосница за с.Колибари, кичевско, патничко возило „рено меган" со кичевски регистарски ознаки, управувано од Р.И.(66) од село Горно Строгомиште, кичевско, удрило во пешакот И.А.(66) од с.Колибари. Од здобиените повреди, пешакот И.А. починал на местото, а лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт. Увид извршила екипа од ОВР Кичево и по наредба на јавен обвинител телото на починатиот било дадено на обдукција.

На 11.02.2025 во 09.30 часот во Полициската станица Аеродром, А.Н.(32) од Скопје пријавил дека на бул.„Кузман Јосифовски Питу" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 11.02.2025 во 14.35 часот во Полициската станица Центар, Н.Б.(55) од Скопје пријавил дека на ул.„Димитрије Чуповски" во Скопје, неговата малолетна ќерка била касната од куче.

На 11.02.2025 во 17.10 часот во Полициската станица Велес, Н.Н.(18) од Велес пријавил дека во двор од средното општинско училиште „Кочо Рацин" во Велес бил каснат од куче.

На 11.02.2025 во 18.00 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода М.П.(42) од Куманово. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени пиштол, куршуми, дигитални ваги и пари. М.П. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе следува соодветна пријава.

На 12.02.2025 во 00.30 часот во близина на с. Дебреште, прилепско, полициски службеници од ОВР Прилеп ги лишиле од слобода Р.Ј.(18) и Е.Ш.(18), двајцата од с.Дебреште. При преглед на патничко возило „фолксваген голф" со велешки регистарски ознаки, кое го управувал Р.Ј., а сопатник бил Е.Ш., била пронајдена марихуана. По документирање на настанот, против нив ќе следува соодветна пријава.

На 11.02.2025 во 15.55 часот на улица „15 Корпус" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид врз основа на Закон за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции, од слобода го лишија Ј.П.(41) од Струга, вработен во фабрика за производство на медицински канабис. Од него е одземено едно пакување со кафеава материја, кое е пронајдено кај него од работник на обезбедување при излез од фабриката. По целосно документирање на настанот, против Ј.П. ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 11.02.2025 во 19.30 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од СВР Скопје го привеле Д.С.(30) од Скопје затоа што агресивно се однесувал кон полициски службеници кои извршувале службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.02.2025 во 19.20 часот во СВР Скопје, од Комплексот клиники „Мајка Тереза" било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен И.И.(60) од с.Матка, скопско. Според пријавеното, тој се здобил со повредите додека извршувал работни задачи во фирма на подрачјето на Гази Баба.

На 11.02.2025 во 13.10 часот во СВР Скопје, 87-годишна жена од Скопје пријавила дека на 10.02.2025 била измамена од едно машко лице за сума од 6000 евра. Според пријавеното, лицето ѝ се јавило телефонски и ѝ кажало дека нејзината ќерка во Канада предизвикала сообраќајна несреќа во која прегазила дете и доколку не сакала таа да лежи во затвор требало да плати. Како што е пријавено, парите ги оставила на претходно договореното место. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.02.2025 во 19.00 часот во СВР Скопје, А.Ш.(41) од с.Љубанци, скопско, пријавил дека околу 13.10 часот во автобус на ЈСП, на подрачјето на Бит Пазар, неговиот малолетен син бил физички нападнат од двајца малолетници, при што едниот од нив употребил остар предмет и му нанел повреда. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.02.2025 во 19.20 часот во СВР Скопје, Ф.С.(38) од Скопје пријавил дека на 10.02.2025 околу 18.40 часот на подрачјето на Бит Пазар бил физички нападнат од Џ.А.(55) и Џ.А.(19), двајцата од Скопје, кои употребиле и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (12.02.2025) околу 00.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 00.20 часот на подрачјето на Гази Баба, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.Ј.(33) и Д.Ј.(36), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 11.02.2025 во 11.00 часот во СВР Скопје, И.Т.(42) од Скопје пријавила дека на 10.02.2025 околу 11.00 часот во двор од средно училиште на подрачјето на Чаир, нејзината малолетна ќерка била физички нападната од една малолетничка, која ја познавала, при што настанот бил снимен и видеото било објавено на социјални мрежи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (12.02.2025) во 01.58 часот во СВР Скопје било пријавено дека настанал пожар во подрумски простории од станбена зграда на подрачјето на општина Аеродром. Од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје пожарот бил изгаснат, а М.С. се здобил со повреда додека се симнувал по скалите од зградата и бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" Скопје за укажување на помош. Извршен бил увид.

На 11.02.2025 во 20.50 часот во Скопје, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги привеле Н.Џ.Е.(20) и Б.У.(19), двајцата од Република Турција, затоа што со патничко возило „опел корса" со скопски регистарски ознаки, сопственост на рент а кар компанија, се движеле во спротивна насока на булевар на подрачјето на Центар. По документирање на случајот ќе следуваат соодветени поднесоци.

На 11.02.2025 на подрачјето на Гази Баба во напуштени магацински простории, по претходна пријава од граѓанин, од страна на полициски службеници од СВР Скопје во содејство со Единицата за антитероризам и Единицата за службени кучиња биле пронајдени 60 куршуми, 10 електрични детонаторски каписли, 11 вежбовни детонатори за рачни бомби и еден топовски удар со барут. Предметите се подигнати и предадени за понатамошна постапка и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.02.2025 во 18.00 часот во СВР Скопје, Х.М.(33) од с.Никиштане, скопско, пријавил дека, откако го земал малолетниот син од детска градинка на подрачјето на Карпош, забележал црвенило на лицето на детето, кое, според пријавеното, најверојатно му било од удар со рака. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (12.02.2025) во 09.10 часот во СВР Скопје, З.С.(45) од Скопје пријавил дека на 07.02.2025 околу 11.30 часот на подрачјето на Центар, неговиот малолетен син бил физички нападнат од негов соученик. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 11.02.2025 во 10.50 часот во ОВР Гостивар, Д.Х. од Гостивар пријавил дека во населба Питарница, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 11.02.2025 во 20.45 часот, В.Ѓ.(56) од Кичево во полициска станица пријавил дека на улица „4 Јули" во Кичево бил каснат од куче скитник.

На 11.02.2025 во 10.00 часот во ОВР Прилеп, Е.Б.(56) од Прилеп пријавила дека на ул. „Генерал Васко Карангелески" била касната од куче скитник.

На 11.02.2025 во 09.00 часот во Полициско одделение Кривогаштани, Г.Б.(61) од Прилеп пријавил дека во с.Воѓани, прилепско, бил каснат од куче скитник.

На 11.02.2025 околу 10.30 часот З.Г., инспектор во град Скопје, пријавил во СВР Скопје дека на ул.2бб во близина на дива депонија, при вршење на службени дејствија за вршење на надзор и подигање на мостри, дошле две лица и еден од нив (К.Д. -градоначалник на Шуто Оризари) почнал да ги навредува него и неговите колеги и да им се заканува и го попречувал земањето на мостри. Се работи на расчистување на случајот.

На 11.02.2025 во 13.10 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, К.Д.(50) од Скопје – градоначалник на Шуто Оризари, пријавил дека за време на инспекциски надзор на отпад од страна на вработени во град Скопје, кој бил сместен на неговиот имот на подрачјето на Шуто Оризари, Ф.С.(47) од Скопје, вработен во град Скопје, му упатувал закани. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Битола поднесе кривична пријава против С.А.(57) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „насилство врз дете". На 24.12.2024 во Прилеп, пријавениот физички нападнал малолетник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.А.(44) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „телесна повреда" при вршење семејно насилство. На 03.01.2025 во семејниот дом, пријавениот физички ја нападнал неговата сопруга.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Т.М.(41) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „загрозување на сигурноста" при вршење на семејно насилство и „телесна повреда". На 21.12.2024 во домот, пријавениот физички ги нападнал и се заканувал на неговите сопруга и ќерка.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против К.С.(36) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „затајување". На 13.10.2024, пријавениот склучил договор со рент а кар компанија за изнајмување на патничко возило, но по истекување на рокот тој не го вратил возилото. По преземени мерки, возилото било пронајдено во Скопје.

СВР Битола поднесе кривична пријава против Е.А.(35) и С.А.(47), двајцата од Прилеп, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пустошење на шуми" и „кражба". На 21.01.2025 во атарот на село Присад, на место викано „Борула", пријавените извршиле бесправна сеча на дрва, кои им биле одземени при контрола на полициски службеници.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.Х.(28) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" На 07.11.2024 во Казнено – поправната установа Затвор Штип, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што бил пронајден и одземен амфетамин.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.Ф.(45) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори" На 23.08.2024 во Кочани, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Велес поднесе кривична пријава против М.Ѓ.(30) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 04.12.2024, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана и амфетамин.

СВР Велес поднесе кривична пријава против З.К.(53) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 06.02.2025 во Велес, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени 11 килограми опиум.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.М.(40) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори''. На 14.06.2023 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Б.Б.(38) од Гостивар поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 07.02.2025 во с.Врапчиште, гостиварско, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.А.(18) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 06.02.2025 во Скопје, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана и амфетамин, а по извршен претрес во неговиот дом биле пронајдени и одземени марихуана, амфетамин и дигитална вага со остатоци од канабис.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против 16 - годишник од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори". На 06.02.2025 во Скопје, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ј.Ј.(46) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурзори". На 07.02.2025, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени и одземени марихуана и хероин.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Г.Т.(40) од с.Зрновци и Т.П.(44) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". На 12.02.2024, пријавените им овозможиле на две лица да користат марихуана и амфетамин.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против С.Ш.(44) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи''. На 22.12.2024 во Куманово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што биле пронајдени и одземени пиротехнички средства.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.К.(72) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи''. На 20.12.2024 во Куманово, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што биле пронајдени и одземени пиротехнички средства.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет